FUND MANAGEMENT

До

Македонска берза АД Скопје

Друштво за управување со инвестициски фондови
ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

| Примено: 28.04.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0302 | 138 | 2 | |

Скопје, 28.04.2022 година

Предмет: **Известување**

Согласно одредбите од член 166-б став 1 алинеја 3, Друштвото за управување со инвестициски фодови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје известува за следните статусни измени:

Комисијата за хартии од вредност донесе Решение број УП1 08 – 29 од 04.04.2022 година со кое се дава согласност на одлуката број 0201-10/13 од 20.04.2021 година за измени на Статут на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, односно на пречистениот текст на Статутот број 0201-26/4 од 14.03.2022 година донесени на Собрание на акционери на Друштвото.

Заменувањето на зборовите: „Друштво за управување со инвестициски фондови" со зборовите: „Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови", како и измените на Заглавјето помеѓу член 11 и член 12, Член 12 став 1, Член 14 се менуваат поради усогласување на Статутот на Друштвото со измената на Законот за инвестициски фондови (Службен весник: 150/2021) и соодветната подзаконска регулатива.

Измената на Член 32 од Статутот се прави за да им се овозможи на акционерите кои не се државјани на Република Северна Македонија да гласаат на седниците на Собранието на акционери без да се изложуваат на високи патни трошоци за присуство на седниците.

Главен Извршен директор

Петар Андреевски

Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД • СКОПЈЕ •

Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

FUND MANAGEMENT